В. КАРТОВ

# НЕКОИ ПРАШАЊА ОД ПЕРИОДИЗАЦИЈАТА НА ИСТОРИЈАТА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ВТОР СТЕПЕН

Општо познато е дека периодизацијата во историската наука и наставата претставува еден доста значаен елемент на хронологијата воопшто, односно еден составен и битен елемент во изучувањето на временскиот (хронолошкиот) ред на историскиот процес. Имено, промените и воопшто општествените појави и настани во историскиот процес отсекогаш меѓусебно се обусловени и зависни едни од други. Меѓутоа, тие во развитокот на општеството се толку многу што ако не би се служеле со методите на анализа и со апстракцијата, ние не би можеле да ја докажуваме ни закономерноста во развитокот на општеството, туку би имале само огромен фонд на регистрирани појави и факти, кои само ја чинат формалната страна на историскиот процес.

Поради тоа се наметнувала и се наметнува императивната потреба, како во историската наука така и во историската настава да се прави периодизација на историскиот процес врз основа на битните развојни карактеристични црти на општеството, односно врз основа на квалитативно различните црти во општествените односи. Само така се овозможува на научна марксистичка основа да се анализираат општите и посебните појави во историскиот развиток и секој период да се разгледува како еден негов посебен степен.

Според она што досега го споменавме произлегува впрочем, како што, е и општо познато, дека периодизацијата во историјата значи, всушност, разграничување на поедините историски епохи врз основа на повеќе или помалку карактеристични белези по кои една епоха или период се разликуваат од друга епоха, односно период. Нивното временско разграничување, односно периодизацијата на историјата можеме да ја посматраме во два правца — на макро (глобален) и микро план.

Улогата на периодизацијата на макро план се изразува во разграничувањата на поголемите временски периоди а врз основа на споменатите битни карактеристични црти, односно на посебните економски законитости. Тоа се квалитативните промени кои на-

станувaaт во материјалните, производствените односи, односно во своинските односи, кои од своја страна, го обусловуваат понатамошниот развиток на општеството.

Општо познато е дека досега човечкото општество минало низ 5 општествено-економски формации, според кои општата историја, па и историјата на поделни народи, се периодизира на пет најголеми временски епохи и тоа: епохата на првобитната заедница, епохата на робовладетелското општество, епохата на феудалното општество, епохата на капиталистичкото општество и епоха на преоден период.

Следствено на тоа во историската наука, а и во скоро сите претходни и постојни историски учебници за основните и средните училишта, епохата на робовладетелското општество, се обработува како историја на стариот век, епохата на феудалното општество како историја на средниот век, епохата на капиталистичкото општество како историја на новиот век и епохата на преодниот период како најнова историја.

Иако во нашата историска наука е прифатена марксистичката периодизација на историјата на макро план, сепак, во нејзината примена се среќаваат сè уште извесни дилеми, односно дискутабилни прашања. Имено, и покрај општо прифатениот став дека најстариот период од развитокот на човечкото општество претставува, всушност, негова предисторија, сепак има извесни поделни, вистина не така раширени, мислења дека тој период е само пред човечка историја, а не човечка предисторија. Ние на ова прашање нема да се задржиме, бидејќи си поставивме во задача да се осврнеме на други прашања од обласга на периодизацијата на микро план.

Нема подетално да се осврнеме и на прашањето за тоа кога треба да започне изучувањето на робовладетелското, феудалното, капиталистичкото општество, односно стариот, средниот, новиот век. Меѓутоа, очигледно е дека и денес постојат како различни мислења така и различна примена. На многу наши факултети, на пример, историјата на новиот век се изучува од времето на индустриската револуција, односно од Француската буржоаско-демократска револуција, а на други пак од XVI век, односно со започнувањето на Нидерландската и Англиската буржоаска револуција. Сметаме дека во периодизирањето на историјата на макро план не треба да се тргнува со зародувањето и појавата на нови квалитативни елементи во историскиот процес туку оттогаш кога тие овозможуваат потполна победа на новите општествено-економски односи.

Проблемот на периодизацијата на микро планот, односно на разграничувањето на помалите временски периоди, досега во теоријата на методиката по историја кај нас не доволно заземал свое соодветно место. Меѓутоа, денес ова прашање сè повеќе се поставува како актуелно, особено на теоретски план, и тоа пред сè

како последица на степенот на развојот на историската наука. Во современата светска, југословенска и македонска историографија сè почесто се среќаваат аналитички трудови во кои се обработуваат доста значајни настани и појави од помали временски интервали. Сите тие на одреден начин ја иницираат потребата од понатамошни напори за воопштување и разграничување во поодделни целини.

Се поставува прашањето, на која основа да се вршат тие временски разграничувања и воопштувања? Општо познато е дека тие главно се вршат изразито врз основа на делувањето на елементите на општествената надградба. Понекогаш примарно дејство им се дава на суштината и формите на односите во идеолошката сфера, а понекогаш пак, и тоа во далеку повеќе случаи, според односите и формите на правно-политичката сфера. И во едниот и во другиот случај не се работи за разликување на период од период врз основа на сосема нови квалитативни промени, како што е случај со глобалната периодизација на историјата, туку врз основа на такви промени кои навистина носат извесни квалитативни елементи кои немаат потполно приоритетно значење за понатамошниот општествен развиток.

Во оваа смисла, во понатамошното излагање ќе се задржиме на некои карактеристични моменти од примената на периодизацијата на историјата низ наставните програми и посебно учебниците по историја во основните и средните училишта.

Ако само за кратко време ги прелистаме страниците на претходните, па и постојните учебници по историја веднаш ни паѓаат в очи честите наслови како што се: Робовладетелско општество; Феудално општество; Капиталистичко општество или: Ран феудализам; Развиен феудализам; Доцнешен феудализам; Домонополистички капитализам; Империјализам. Исто така, доста често во учебниците се среќаваат и вакви наслови за поодделни или мали групи на наставни единици: Италија во XVI век; Русија во XVI и XVII век; Чешка од XII—XV век; Србија од 1858—1912 година; Егејска и Пиринска Македонија од 1919—1941 година; Советскиот Сојуз од 1917—1924 година и сл.

Првата група на споменатите наслови главно изразува такви интенции во кои историскиот потход е сведен на минимум. Имено, тие го иницираат претежно социолошкиот потход и третман и не одговараат на наслови за еден учебник по историја, било за поодделни поголеми наставни области или за поодделни наставни единици. Вистина во наставните програми би можело да постојат вака формулирани насловни целини, бидејќи тие, како за основните училишта така и за средните, претставуваат единствена целина која служи како ориентација за изработка на учебниците и за изведување на наставата од страна на наставниците. Меѓутоа, вака формулирани во учебниците тие го изразуваат само воопштениот третман во изучувањето на основните карактеристики на опште-

ствено економските формации или на нивните поголеми временски периоди што е предмет пред сè на социологијата и политичката економија. Сметаме дека би било поцелисходно да бидат избегнувани, бидејќи за поголемите временски периоди треба да дојдат до израз покрај основните карактеристични обележја за тој период од историскиот процес и временскиот и просторниот момент. Впрочем, овие три споменати елементи не само што се основни белези на историскиот процес, односно не само што ја сочинуваат битната компонента на историските епохи, туку општо познато е и тоа дека историјата на човечкото општество е правена пред сè врз основа на еден определен историско-географски регион. Општествено-историските појави не се појавиле и не се развивале истовремено во целиот свет, односно на целата земјина топка. Затоа наместо насловите „Феудалното општество" или „Развиен феудализам," односно „Доцнешен феудализам" поцелисходно е, на пример, да стои „Појава и развиток на феудалното општество во Европа или кај југословенските народи" или „Југословенските земји во периодот на развиениот феудализам" и сл.

Вториот вид наслови се однесува на пооделни методски единици со кои се означуваат помали временски етапи или пооделни историски појави. Со нив само се определува времетраењето, а не се иницираат врските и причините на пооделните појави ниту пак помогнуваат да се сфатат закономерностите во историскиот процес, односно не ја иницираат содржината што ќе се обработува. На пример, од еден вака формулисан наслов на методската единица „Егејска и Пиринска Македонија од 1919—1941 година" не можеме ништо основно и карактеристично да извлекуваме. Ако пак истата ја формулираме со „Национално-политичката обеспravеност на Македонците во Егејска и Пиринска Македонија" (1919—1941) или пак само „Положбата на Македонците . . .", во тој случај го иницираме основниот карактеристичен белег за двата дела на Македонија. Или да земеме уште покарактеристичен пример. Не е сеедно кога би имале наслов „Чешка од XI—XIV век" или Народниот отпор во Чешка против ширењето на германското влијание" и сл.

И во најновите учебници по историја што излегоа во текот на 1970 година за гимназиите и средно стручните училишта во СРМ се среќаваат такви наслови како за поголемите и помалите временски периоди така и за пооделни наставни единици во кои се обработуваат извесни временски етапи (деценија, векови). Тие особено биле карактеристични во некои од предложените ракописи што авторите ги доставиле до издавачкото претпријатие „Просветно дело".

Неколку конкретни примери што ќе ги истакнеме во понатамошното излагање не претендираат на целосно анализирање на споменатите учебници од гледиштето на проблемот на периодизацијата на историјата на макро и микро план туку само сакаме да

укажеме на некои покарактеристични недостатоци што дошле до израз.

Во учебникот за I клас на средно стручните училишта авторот обрнал внимание на проблемот на периодизацијата како на макро така и на микро план додека во учебникот за II клас тоа е сведено на минимум. На пример, епохата на феудалното општество ја дели на три релативно поголеми временски периоди — на ран, развиен и подоцнежен феудализам, односно ја поделил врз основа на научно прифатливите критериуми извесните квалитативни промени што настануваат во времето од V—XVIII век. Се поставува прашањето, зошто авторот не бил доследен и во учебникот за II клас? Имено, зошто материјата за епохата на капиталистичкото општество не ја поделил, односно не ја периодизирал? Зарем не постојат извесни нови квалификативни елементи во општествените односи, помеѓу фазите на домонополистичкиот и монополистичкиот капитализам, односно помеѓу либералниот капитализам и империјализмот? Вистина, авторот во изработувањето на овој учебник имал и извесни оправдувања, т.е. се нашол пред 2 големи објективни тешкотии: 1) во самата наставна програма за тој клас нема целосна периодизација на микро план и 2) постои голем обим на материјал што го опфаќа времето од почетокот на XIX век до најновото време, како од општата историја така и од историјата на народите на Југославија, а посебно и од историјата на македонскиот народ.

Вака како се исконструирани помалите временски периоди за епохата на капитализмот, во споменатиов учебник покажуваат доста празнини. На пример, зошто наставните единици „Обединувањето на Италија и Германија" и „Граѓанската војна во САД" се изложувани во рамките на поширокота наставна област „Работничкото движење и социјалистичките идеи во првата половина на XIX век"? Или зошто во рамките на наставната област „Турција од 1839—1875 година" се обработени и наставните единици „Босна и Херцеговина и источното прашање од 1875—1914" и „Црна Гора од почетокот на XIX век до 1912 година"? Осoбено голем пропуст е направен со исконструирањето на една голема наставна област „Русија од 1861—1939", а во нејзините рамки ја поместува само методската единица „Развитокот на капитализмот и работничкото движење во Русија до 1905 година." Веднаш потоа, пак, е исконструирана нова широка наставна област во чии рамки се сместени извесни методски единици кои би требало, како е конструирана, да припаднат во претходната област. Очигледно, е дека тука дошла до виден израз и негативната улога на техниката, меѓутоа воопшто не е целисходно една поголема наставна област да опфаќа два различна квалитативна периода (во овој случај, на пример, периодот од пред и по Октомвриската револуција).

Во учебникот за II клас на гимназиите, општествено јазична насока, авторите во однос на глобалната периодизација постапиле врз основа на постојните научни критериуми така што целата материја од општата историја и од историјата на народите на Југославија од XI до крајот на XVIII век ја поделиле на два периода — времето на развиениот феудализам и подоцнежниот феудализам. Меѓутоа, во рамките на постојните периоди се поместени и доста такви наставни единици во кои доаѓаат до израз претежно или само времетраењето без да се иницирани пак основните карактеристични белези (Италија во XVI век; Србија во XVI век; Османлиското царство од XVI—XVII век и сл.)

Слични наслови се сретнуваат и во другите учебници што излегоа во 1970 година, но во далеку помал број.